**ЗАПИСНИК**
**од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.05.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Маја Дамевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 22 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Трајчев нема да биде присутен на седницата. Објасни дека во текот на вчерашниот ден му се јавил на телефон со барање седницата да се одржи порано бидејќи во овој термин заминува во странство.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.05.2019 година.
2. Информација во врска со Предлогот за донесување одлука за поведување постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ, по службена должност, кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.
4. Предлог за изрекување мерка-јавна опомена на ТВ Дуе од Гостивар, заради прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
5. Предлог за изрекување мерка-јавна опомена на Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, заради прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

6. Предлог за изрекување мерка-јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво- оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, заради прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.05.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со Предлогот за донесување одлука за поведување постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ, по службена должност, кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека за можното прекршување на овој радиодифузер на член 38 од ЗААВМУ, Советот расправаше на седница и во текот на расправата беше доставен допис дека сопругата на сопственикот поднела оставка од член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Но таа оставка не беше констатирана од страна на Собранието. Во таа насока Агенцијата се обрати до Собранието, но од нивна страна не беше доставен писмен допис за тоа каква е тековната состојба. Од таа причина се одлучи по завршување на изборите оваа точка повторно да се разгледа на седница. Објасни дека сосема случајно во меѓусебна комуникација со ТВ Канал 5 кој што исто така се обратиле до Собранието со прашање дали е констатирана оставката, бил информиран по електронска пошта од страна на ТВ Канал 5 дека на една од седниците на парламентот е прифатена оставката и има стенограм од седницата дека е прифатена оставката. Иако Собранието не се обрати до Агенцијата да одговори на барањето, сепак рече дека има доказ од стенограмите на одржаната седница на Собрание дека е прифатена оставката на сопругата на еден од сопствениците на 1ТВ. Од таа причина се предлага да не се поведе постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ, по службена должност, кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.

Г-дин Фетаи рече дека иако очекувале одговор од Собранието, сепак е добро што директорот се потрудил малку повеќе околу ова прашање за да се затвори овој случај кој не се ни покрена. Добро е што радиодифузерот 1ТВ се прилагодува кон законските обврски околу сопственичката структура односно околу конфликт на интереси и ги надминал тие состојби. Се изјасни дека ја прифаќа констатацијата и ќе го поддржи предлогот да не се поведе постапка.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.02-67 од 20.05.2019 година во врска со Предлогот за донесување одлука за поведување постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ, по службена должност, кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје (наш бр. 02-67 од 14.02.2019 година), и едногласно донесе заклучок да не се покренува постапка за утврдување повреда на член 38 од ЗААВМУ кај ТРД 1 ТВ

ДООЕЛ Скопје, со оглед на тоа што на 91-та седница одржана на 14 март 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија констатираше дека на Јасминка Јовановска и престанува функцијата член на Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, бр.08-778 од 13.05.2015 година. Објасни дека до овој радиодифузер испратена е фактура за годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување. Информира дека законскиот рок за плаќање на оваа фактура истече вчера и констатирано е дека воопшто не е извршена уплата на средствата. Од таа причина се предлага Советот да започне постапка за одземање на дозволата и се надева дека во следните 15 дена радиодифузерот ќе го плати надоместокот.

Г-дин Петрушевски рече дека во ваков случај Советот секогаш имал ист став кон сите радиодифузери и верува дека и овој пат истото ќе се преземе и кон ТВ Шења и дека во следните 15 дена ќе најдат начин потребните финансиски средства да ги уплатат и да си ја задржат дозволата.

Г-дин Фетаи рече со оглед на тоа дека се работи за телевизија која емитува програма на државно ниво и дека нормално Агенцијата и Советот имаат соработка и комуникација со сите, посебно со телевизиите на државно ниво, не знае дали е разговарано со нив од аспект за нивните финансиски можности. Објасни дека би требало да знаат за да нема можеби некои технички пречки, во смисла дека Агенцијата не е информирана доволно или тие не се информирани бидејќи се работи за одземање на дозволата. Во таа насока би биле несоодветни состојбите ако има пречки. Да не испадне како Исламската верска заедница, судот донесува одлука со погрешни записници. Посочи дека битна е комуникацијата за да се знае каква е состојбата.

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата има официјална комуникација со овој радиодифузер, Фактурата е примена од нивна страна и има доказ дека ја примиле. Исто така од Секторот за финансии и логистика повеќе пати е контактирано за да им укаже кога истекува рокот. Исто така информира дека во текот на вчерашниот ден добил порака од директорот на телевизијата дека прават напори да ги исплатат средствата и се надеваат дека во овој дополнителен период од 15 дена ќе ги уплатат средствата.

Г-дин Фетаи рече дека според објаснувањето на директорот има надеж дека нема да се затвори медиумот.

Г-дин Трајчевски одговори дека од остварената комуникација со нив, има кажување дека во тековното работење очекуваат финансиски прилив и дека ќе го затворат долгот и ќе продолжат да функционираат.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, бр.08-778 од 13.05.2015 година поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно

радиподифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2.489.669,00 (двамилионачетиристотиниосумдесетидеветилјадиишестотинишеесетидевет) денари според доставената ф-ра бр.2019-100-0162 од 09.04.2019 година.

Г-дин Петрушевски се обрати до службата и рече радиодифузерот точно да се информира кога почнува и кога завршува рокот за уплата на надоместокот за да знае и да не погреши за еден ден и да не дојде до ситуација која никој од членовите не сака да се случи односно конечно да му се одземе дозволата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за изрекување мерка-јавна опомена на ТВ Дуе од Гостивар, заради прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми. Објасни дека радиодифузерот не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Од таа причина се предлага Советот да изрече јавна опомена и да му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Г-дин Петрушевски рече дека вакви слични повреди на Законот имаше и на претходните седници и секогаш ја имаше истата мерка – јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.03-2357/1 од 22.04.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 15 став 1 од Законот за медиуми.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, да изврши контролен надзор со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за изрекување мерка-јавна опомена на Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, заради

прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека и за оваа како и за следната точка 6 од Дневниот ред, станува збор за реемитување на програмски сервиси кои не се опфатени со потврдите за регистрација издадени од страна на Агенцијата. Кај операторот НЕОТЕЛ се работи за две странски телевизии и две домашни телевизии за кои најверојатно станува збор за превид односно заборавиле дека немаат договори со ТВ Сител и ТВ 21. Додека кај операторот ВИВА НЕТ од Берово со констатациите од надзорот се увиде дека се работи за нерегулирано реемитување на повеќе канали. Од таа причина се предлага да се изрече мерката јавна опомена на двата оператори и веднаш да ги исклучат каналите кои не е опфатени со потврдите за регистрација.

Г-дин Фиданоски рече дека колку што разбрал станува збор за кабелски оператор што нема регистрирано две домашни телевизии на државно ниво, едната терестријална другата преку кабел. Посочи дека препораката од страна на Агенцијата е кога операторот ќе добие дозвола, во пакетот да ги стави домашните телевизии. Праша дали станува збор како што кажал директорот за превид или за непознавање на праксата дека сепак мора да се обезбеди формално тој документ односно договор со кој ќе има можност домашниот телевизиски канал да го реемитува?

Г-дин Трајчевски рече дека секако не може точно да се каже која е причината, но тие треба да имаат договори со домашните телевизии. Можеби договорот е истечен и не увиделе дека е истечен што е една варијанта. Ваков случај имало претходно и кај други оператори кои заборавиле да потпишат договори, со оглед дека домашните канали ги реемитуваат без надомест и затоа можеби се случува ваков превид. Кога ќе ја добијат јавната опомена ќе го регулираат ова.

Г-дин Петрушевски рече дека веројатно од причина што немаат договор за плаќање ја олеснува можноста да погрешат.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што Агенцијата реагира бидејќи има можност кабелските оператори да ги следи во просториите на Агенцијата, посебно кога е во прашање непочитување на авторските права и почитување на договорите на странските иматели на правата и исто така и операторите кога ги реемитуваат каналите дали ги имаат преземено правата за реемитување во Република Северна Македонија. Пиратеријата е една од главните проблеми во смисла на непочитување на правилата на пазарот. Во врска со следната Точка 6, гледа дека операторот ВИВА НЕТ има повеќе странски канали како Film Box, Fashion Box, „Da Vinci", "Boomerang", "Cartoon Network" и "CNN", без потврда за реемитување, без регулирање на меѓусебните односи помеѓу странските канали и операторот. Најави дека има сознанија дека некои имаат и дигитални платформи со многу канали внатре кои кај нас се реемитуваат без преземени права. Праша што би следело сега со овој оператор, опомена ќе добие но ако прекршокот е направен голем, тој фактички е меѓународен прекршок бидејќи е странска компанија како на пример CNN која се реемитува без нивна дозвола, исто така и за останатите. Тоа штети на нас сите како една држава во која не се внимава на почитување на авторските права. Упати прашање до директорот, што може друго да се преземе во оваа насока, кои се законските можности?

Г-дин Трајчевски одговори дека по изрекување на мерката јавна опомена, ќе бидат известени имателите на права и доколку тие сметаат дека значително им се нарушени правата од финасиски аспект ќе побараат надокнада. Овде се повеќе канали, но може да се сместат во една групација како "Boomerang", "Cartoon Network" и

"CNN", бидејќи е иста компанија и станува збор за еден имател на права. Веднаш по изрекувањето на опомената ќе им се наложи веднаш да ги исклучат каналите. Потоа ќе се направи контролен надзор и доколку повторно продолжат со реемитување, ќе се покрене и прекршочна пријава. Многу често се случува да имаат договори но заборавиле да ги достават до Агенцијата или да потпишат малку подоцна договори, меѓутоа да го опфатат оној период кој наназад поминал. Објасни дека секој случај е поединечен. Во секој случај законска обврска е да се известат имателите на правата, ако не ги регулираат обврските ќе добијат соодветна тужба во процес кој ќе биде помеѓу имателот на правата и кабелскиот оператор.

Г-дин Фетаи праша дали ова што ќе се одлучи на денешната седница ќе оди до CNN Групацијата односно до имателите на павата дека Агенцијата и Советот констатирале дека во Македонија тој оператор без регистрација реемитува канали и му наложле да ги исклучи?

Г-дин Трајчевски и г-дин Петрушевски одговорија дека постапката е таква. Г-дин Петрушевски притоа потсети дека со дускусијата која се разви, истовремено се опфати и следната Точка 6.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе се надоврзе на она што го кажал г-дин Трајчевски. Според имињата на програмските сервиси кај вториот оператор за кои нема договори, му личи дека треба да се обратат до две места за да ги регулираат правата за реемитување. Претпостави дека првите неколку канали се од исти условно речено сопственик. Се согласува со г-дин Трајчевски дека веројано или немаат или имаат подоцна добиено договор а на своја рака се обиделе еден период пред договорот да ги стават во пакетот со намера дека ќе добијат договор и потоа ќе го достават. Се согласува дека е добро тоа што реагираат навремено, исправно и целосно во процедурата по ова прашање и рече дека во оваа насока ќе ги чека уште многу работа. Но мора да признаат дека кај сите телевизии што ги следи Агенцијата во Македонија наназад има голем исчекор погледнато од денешна гледна точка во однос на тоа како беше во минатото. Порано имаше по три-четири логоа, па беа преземани снимки или пуштани телевизиски преноси од телевизии на државно ниво и сега таа работа ја нема. Се согласува дека ќе треба уште да се чекори, завршиле доста работа и смета дека одат во вистински правец по ова прашање.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2798/1 од 17.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, и му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Da Vinci", „Jim Jam", „Сител" и "ТВ 21" кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, да изврши контролен надзор со цел да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во врска со предлогот за изрекување мерка-јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, заради прекршување на член 141 од ЗААВМУ, рече дека се работи за помал оператор и според неговото досегашно искуство помали оператори во помали места имаат повеќе прекршоци. Секогаш така било и веројатно тие сметаат дека се настрана и дека никој не ги следи.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2797/1 од 17.05.2019 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво - оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, и му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмските сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Берово и опшина Пехчево, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „Film Box Arthouse", „Fast&Fun Box", „Fashion Box", „Film Box Extra", „Film Box Plus", "360 Tune Box", "Docu Box" „Cinestar", „Cinestar Action&Thriler", „Da Vinci", "Boomerang", "Cartoon Network" и "CNN" кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена, да изврши контролен надзор со цел

да се утврди дали операторот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор да се достави до Агенцијата за електронски комуникации.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2816/7**
**30.05.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**